РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e Zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 10 - 1754/1
02 . 10 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e Zhvillimit të Arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

До

Директорот на основното училиште

Предмет: Информација за спроведување на стручни увиди

Почитувани,

Согласно законските надлежности на Бирото за развој на образованието, во насока на следење и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа, Бирото за развој на образованието ќе реализира стручни увиди во основните училишта во периодот од **13.10.2026 до 18.12.2026 година.**

Стручните увиди ќе се реализираат од страна на тимови составени од советници на Бирото за развој на образованието, со цел согледување на квалитетот на воспитно-образовната работа, идентификување на силните страни и областите за унапредување, како и обезбедување соодветна стручна поддршка.

При посетата ќе се реализира **стручен увид во работата на наставниците**, кој ќе опфати согледување на начинот на планирање и реализација на наставните единици и обезбедувањето стимулативна средина при реализацијата на наставата.

Дополнително, **предмет на стручниот увид ќе биде и работата на стручните соработници во училиштето**, со цел согледување на нивното професионално ангажирање и придонес во поддршката на воспитно-образовниот процес, учениците, наставниците и родителите, како и идентификување на силните страни и можностите за понатамошно унапредување на нивната работа.

Воедно, **ќе се изврши увид и во работата на училиштето,** со цел согледување на практиките, условите и активностите што придонесуваат за квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Целта на стручниот увид во работата на наставниците и стручните соработници, како и на увидот во работата на училиштето, е да се обезбеди согледување на актуелната состојба, да се идентификуваат силните страни и можностите за унапредување и, согласно утврдените наоди, да се придонесе кон подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

Надлежниот советник од Бирото за развој на образованието дополнително ќе го контактира училиштето за обезбедување информации за распоредот на часови по одделенија и времето на реализација на наставата, согласно потребите за спроведување на стручниот увид.

Ви благодариме за соработката и Ве молиме за обезбедување услови за непречено реализирање на предвидените активности.

Со почит,

Директор

м-р Милка Тримчевска